# ИНДЕКС
## НА АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ
## 2021

USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# Индекс на активна транспарентност

# 2021

USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# Индекс на активна транспарентност
# 2021

Скопје, мај 2021 год.

**Индекс на активна транспарентност 2021**

**Издава:**
Центар за граѓански комуникации

**Лектура:**
Татјана Б. Ефтимоска

**Печати:**
Датапонс Скопје

**Тираж:**
250 примероци

Бесплатен/некомерцијален тираж

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

35.07(497.7)"2021"(047)

ИНДЕКС на активна транспарентност : 2021. - Скопје : Центар за граѓански комуникации, 2021. - 28, 26 стр. : граф. прикази ; 30 см

Насл. стр. на припечатениот текст: Index of active transparency : 2021. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и англ. јазик. - Содржи и Прилози: Прашалници за истражување

ISBN 978-608-4709-95-4

а) Јавна администрација -- Транспарентност -- Македонија -- 2021 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 54056453

Овој извештај е подготвен од страна на Центарот за граѓански комуникации со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во овој извештај им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.

# Содржина

**Резиме** .................................................... 7

**Вовед : Зошто активна транспарентност?** .................................................... 8

**Методологија** .................................................... 10

**Вкупно рангирање според Индексот на активна транспарентност 2021** .................................................... 11

**Детална анализа на активната транспарентност за 2021 година** .................................................... 12

**Прилози: Прашалници за мониторинг на институциите** .................................................... 25

Прашалник за истражување на активната транспарентност на министерствата и на Владата за изработка на Индексот на активна транспарентност .................................................... 25

Прашалник за истражување на активната транспарентност на општините и на Град Скопје за изработка на Индексот на активна транспарентност .................................................... 26

# Кратенки

| | |
|---|---|
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МЕ | Министерство за економија |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МЗ | Министерство за здравство |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| МК | Министерство за култура |
| МЛС | Министерство за локална самоуправа |
| МНР | Министерство за надворешни работи |
| МО | Министерство за одбрана |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МП | Министерство за правда |
| МПСОЗ | Министерство за политички систем и односи со заедниците |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| МФ | Министерство за финансии |
| РСМ | Република Северна Македонија |

# Резиме

- Активната транспарентност на министерствата, на Владата и на општините за 2021 година изнесува **63 %** (од максимално можни 100 %) и според градацијата на нивоата на транспарентност, спаѓа во 'добра' активна транспарентност. Во однос на 2020 година, активната транспарентност е **подобрена за 5 процентни поени** (од 58 % на 63 %).

- **Министерствата и Владата** просечно објавуваат **79 %** од потребните информации, што е **минимално подобрување од лани,** кога активната транспарентност на министерствата изнесуваше 77 %.

- Петта година по ред, **општините** имаат помала активна транспарентност од министерствата, која кај нив (општините) изнесува **60 %** и во однос на лани е **подобрена за 5,5 процентни поени**.

- **За прв пат** откако се изработува индексот (од 2016 година наваму), дури **две институции добија максимални 100 %**, односно тие ги објавуваат сите предвидени информации. Станува збор за **Министерството за одбрана,** кое и лани беше на првото место, и **Општина Карпош,** која лани беше трета.

- Меѓу **регионите**, втора година по ред на прво место е **Источниот Регион** (со 74 % активна транспарентност), додека на последно останува **Скопскиот Регион** (со 49 % активна транспарентност).

- **Најмалку информации** министерствата објавуваат **за финансиите** (само 60 % од можни 100 %), а општините – за прашањата од нивна надлежност (42 % од можни 100 %).

- На **барањата за слободен пристап** до информациите од јавен карактер што им беа испратени на сите во ист ден и со исто прашање, **општините** одговорија во просек **за 17 дена** (лани за 24 дена)**,** а **министерствата** одговорија **за 16 дена** (лани за 26 дена). **61 %** од институциите одговорија во рамките на **законскиот рок** од 20 дена, додека **39 %** одговорија подоцна од законскиот рок, **прекршувајќи го законот**.

Под 'активна транспарентност' се подразбира објавувањето информации на сопствена иницијатива на институциите, без притоа некој да има доставено до нив барање за пристап до тие информации. Сепак, постои и законска основа за активната транспарентност на институциите, која се наоѓа, пред сè, во Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, но и во низа други закони, како што се Законот за локалната самоуправа, Законот за буџетите, Законот за јавен долг, Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и др. Освен од регулатива, активната транспарентност произлегува и од добрата практика, а институциите имаат обврски за проактивно објавување информации и од акциските планови во рамките на иницијативата за Отворено владино партнерство.

# Вовед: Зошто активна транспарентност?

Под ’активна транспарентност‘ се подразбира објавувањето информации на сопствена иницијатива на институциите, без притоа некој да има доставено до нив барање за пристап до тие информации. Наспроти тоа, во случаите кога до институцијата се доставува барање за одредена информација, станува збор за ’реактивна транспарентност‘.

Потребата од проактивното објавување информации произлегува оттаму што на тој начин се обелоденуваат:

» информации за регулативата и за одлуките на властите, со што се остварува правото на граѓаните да бидат информирани за своите права и обврски во општеството;
» информации коишто им се потребни на граѓаните за да бараат одговорност од властите;
» информации коишто им се неопходни на граѓаните за да можат да учествуваат во процесот на донесувањето одлуки и
» информации коишто им се потребни на граѓаните за да можат да пристапуваат кон услугите што ги нудат јавните институции.

И самата институција којашто објавува информации врз проактивна основа остварува корист по неколку основи:

» активната транспарентност ѝ помага на институцијата да биде поодговорна во трошењето на јавните пари;
» на тој начин институцијата ги промовира принципите на добро владеење и интегритет и
» институцијата е поефикасна бидејќи подобро управува со информациите со коишто располага.

Се чини дека развојот на техниката и технологиите одат рака под рака и ја помагаат активната транспарентност на институциите, бидејќи начините за дистрибуција на информациите што ги поседуваат институциите, а што се од корист за граѓаните, се побројни и полесно достапни.

Законската основа за активната транспарентност на институциите се наоѓа во Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Овој закон, освен што пропишува обврска до институциите да одговорат на барањата за пристап до информации од јавен карактер, содржи и одредби за проактивно објавување информации, односно за самостојно објавување информации.

Натаму, низа други закони пропишуваат обврски за институциите да објавуваат информации врз проактивна основа. Станува збор за одредби во Законот за локалната самоуправа, во Законот за буџетите, во Законот за јавен долг, во Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и др.

Освен од регулативата, активната транспарентност произлегува и од практиката. Во светот се смета за добра практика кога една институција ги прави достапни до сите граѓани одговорите на прашањата што почесто ги добива во форма на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Доброволно објавените информации им помагаат на граѓанските организации и на истражувачките новинари да изработуваат и да објавуваат истражувања што им помагаат на граѓаните подобро да го разберат функционирањето на институциите, нивните права и обврски, начинот на којшто можат да влијаат врз донесувањето на одлуките што се рефлектираат врз нивното секојдневно живеење и работење, како и полесно да им пристапат на услугите што им ги нуди државата.

Во принцип, една институција може проактивно да ги објави сите информации со коишто располага, освен оние за коишто во законот постојат исклучоци.

Активната транспарентност е релативно нов поим во светот. Оттука, не постојат ниту некои пропишани стандарди за тоа кои сѐ информации, освен оние пропишани со закон, институциите треба да ги објавуваат. Сепак, анализата на практиката од многу земји упатува на некои минимум информации коишто една институција треба да ги објавува како дел од активната транспарентност.

Кога објавуваат проактивно одредени информации, институциите треба да се раководат од тоа начинот на којшто ги објавуваат информациите да биде исплатлив и ефективен, односно да биде лесно достапен за најширок круг граѓани. Исто така, искрената активна транспарентност подразбира институцијата да ги информира граѓаните и заинтересираните страни за објавените информации и да го поттикнува пристапот до нив и нивното користење.

Проактивно објавените информации треба да бидат лесно достапни и разбирливи, да можат да се употребат, да бидат релевантни (во соработка со граѓанските организации и новинарите може да се провери кои се релевантни информации) и да се ажурираат редовно.

Врз основа на сево ова, Центарот за граѓански комуникации изработи детална методологија за сеопфатно истражување кое го мери степенот на активна транспарентност на државните институции. Идејата на ова истражување и на рангирањето на институциите во т.н. Индекс на активна транспарентност е да им се помогне на институциите околу тоа кои информации треба да ги објавуваат и да се поттикнат да ги објавуваат тие информации.

# Методологија

Истражувањето се спроведува врз основа на претходно изработени методологија и структурирани прашалници за состојбата на исполнетост на обврските за активно објавување на информациите на интернет-страниците на институциите.

Основа за изработката на прашалниците претставуваа законските обврски што ги имаат институциите за објавување информации од разни сфери кои се од важност за граѓаните и кои влијаат врз нивните животи и работењето. Во оваа смисла, земени се предвид, пред сè, обврските што произлегуваат од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер и оние обврски од други закони што се однесуваат на трошењето јавни пари.

Истражувањето се прави шеста година по ред на институциите кои се директни носители на извршната власт на централно и на локално ниво, односно на Владата и на министерствата, и на локалните власти, односно на општините и на Град Скопје.

Имајќи ги предвид различните обврски за активно објавување информации на властите на национално и на локално ниво (општините имаат далеку поголеми обврски во оваа смисла), истражувањето се спроведува врз основа на два прашалници. Едниот прашалник е за министерствата и за Владата, а другиот е за единиците на локалната самоуправа, односно за општините и за Град Скопје. Притоа, прашалникот за Министерството за финансии содржи повеќе прашања, во согласност со повеќето обврски за објавување информации за ова министерство во однос на другите.

Во зависност од важноста, степенот и обемот на објавените информации на интернет-страниците на институциите што се истражуваат, за секое прашање се доделуваат бодови. Освен преку истражување на исполнетоста на обврските за објавување информации според прашалникот, како дел од истражувањето е и тест-барање за слободен пристап до информации од јавен карактер кое се испраќа до сите вклучени институции во истражувањето, заради оценување на навременоста и целосноста на добиените одговори. Максималните бодови што може да ги добие секое министерство и Владата се 48, Министерството за финансии може да добие максимум 54 бодови, а општините и Град Скопје 74.

Иницијалното истражување се спроведе од 22 март до 9 април 2021 година. Финалното рангирање на институциите е извршено според степенот (процентот) на исполнување на обврските, т.е. според индексот на транспарентност, којшто се добива како однос меѓу бројот на доделени бодови и вкупниот број можни бодови. Притоа, 0 е најнизок ранг, а 100 највисок.

Активната транспарентност на институциите е поделена во пет групи, во зависност од степенот на исполнетост на обврските. Институциите со 80 – 100 % исполнетост се рангирани во групата ’многу добра‘, оние со 60 – 80 % во групата ’добра‘, институциите со 40 – 60 % исполнетост во групата ’просечна‘,20 – 40 % исполнетост во групата ’слаба‘ и 0 – 20 % во групата ’многу слаба‘ активна транспарентност.

# Вкупно рангирање според Индексот на активна транспарентност 2021

| Ранг | Институција | Резултат |
|---|---|---|
| | **МНОГУ ДОБРА** | |
| 1 | Министерство за одбрана | 100,0 % |
| 1 | Карпош | 100,0 % |
| 3 | Крива Паланка | 95,7 % |
| 4 | Министерство за финансии | 94,4 % |
| 5 | Валандово | 94,3 % |
| 6 | Влада на РСМ | 93,5 % |
| 7 | Велес | 93,1 % |
| 7 | Кочани | 93,1 % |
| 9 | Демир Хисар | 93,0 % |
| 10 | МОН | 91,7 % |
| 11 | Битола | 91,4 % |
| 12 | Делчево | 90,0 % |
| 13 | Министерство за правда | 89,1 % |
| 14 | Берово | 88,6 % |
| 14 | Куманово | 88,6 % |
| 16 | Министерство за здравство | 87,5 % |
| 17 | МВР | 87,0 % |
| 18 | Штип | 86,1 % |
| 19 | Гевгелија | 85,7 % |
| 20 | Василево | 84,1 % |
| 21 | МЖСПП | 83,3 % |
| 21 | МИОА | 83,3 % |
| 23 | Конче | 82,6 % |
| 24 | Охрид | 81,9 % |
| 25 | Кавадарци | 80,6 % |
| 26 | Струмица | 80,0 % |
| | ДОБРА | |
| 27 | Гази Баба | 79,7 % |
| 27 | Македонска Каменица | 79,7 % |
| 27 | МТСП | 79,2 % |
| 30 | Богданци | 78,6 % |
| 31 | Градско | 78,3 % |
| 32 | МТВ | 77,1 % |
| 32 | МЛС | 77,1 % |
| 34 | Виница | 74,3 % |
| 35 | Град Скопје | 73,9 % |
| 36 | Македонски Брод | 73,2 % |
| 37 | Министерство за култура | 72,9 % |
| 38 | Дебрца | 72,5 % |
| 39 | Свети Николе | 72,2 % |
| 40 | Центар | 71,8 % |
| 41 | Пехчево | 71,4 % |
| 42 | Зрновци | 71,0 % |
| 43 | Министерство за економија | 70,8 % |
| 44 | Ѓорче Петров | 70,4 % |
| 45 | Крушево | 70,0 % |
| 46 | МЗШВ | 69,6 % |
| 46 | Аеродром | 69,6 % |
| 48 | Петровец | 69,0 % |
| 48 | Чашка | 69,0 % |
| 50 | Вевчани | 68,6 % |

| Ранг | Институција | Резултат |
|---|---|---|
| 51 | Ново Село | 67,1 % |
| 51 | Тетово | 67,1 % |
| 53 | Могила | 66,7 % |
| 54 | Желино | 65,2 % |
| 55 | МНР | 64,6 % |
| 56 | Прилеп | 64,3 % |
| 57 | Гостивар | 63,9 % |
| 58 | Чешиново-Облешево | 63,8 % |
| 59 | Кратово | 62,9 % |
| 60 | Босилово | 62,3 % |
| 61 | Ресен | 61,4 % |
| | **ПРОСЕЧНА** | |
| 62 | Кисела Вода | 59,2 % |
| 63 | Брвеница | 58,6 % |
| 64 | Пробиштип | 57,1 % |
| 64 | Радовиш | 57,1 % |
| 66 | Долнени | 56,5 % |
| 67 | Центар Жупа | 55,1 % |
| 68 | Дебар | 54,3 % |
| 69 | Неготино | 52,8 % |
| 70 | Јегуновце | 52,2 % |
| 71 | Маврово и Ростуше | 49,3 % |
| 72 | Струга | 47,2 % |
| 73 | Боговиње | 47,1 % |
| 74 | Илинден | 46,4 % |
| 74 | Ранковце | 46,4 % |
| 74 | Шуто Оризари | 46,4 % |
| 77 | Кичево | 45,7 % |
| 78 | Дојран | 44,9 % |
| 78 | Кривогаштани | 44,9 % |
| 80 | Новаци | 43,5 % |
| 81 | Карбинци | 42,0 % |
| | **СЛАБА** | |
| 82 | Демир Капија | 37,7 % |
| 83 | Лозово | 36,2 % |
| 83 | Сопиште | 36,2 % |
| 85 | Бутел | 31,9 % |
| 85 | Росоман | 31,9 % |
| 85 | Чаир | 31,9 % |
| 88 | МПСОЗ | 28,3 % |
| 89 | Сарај | 28,2 % |
| 90 | Теарце | 26,1 % |
| 91 | Студеничани | 21,1 % |
| | **МНОГУ СЛАБА** | |
| 92 | Зелениково | 14,5 % |
| 92 | Старо Нагоричане | 14,5 % |
| 94 | Арачиново | 13,0 % |
| 94 | Чучер Сандево | 13,0 % |
| 96 | Липково | 11,6 % |
| 97 | Врапчиште | 10,1 % |
| 97 | Пласница | 10,1 % |

# Детална анализа на активната транспарентност за 2021

**За првпат во шест години, проактивното објавување јавни информации од институциите, односно нивната активна транспарентност, според градацијата на нивоата, се искачи од ’просечна‘ во ’добра‘.**

- Просечната активна транспарентност на сите 98 вклучени институции за 2021 година изнесува 63 % (од максимално можни 100 %) и според градацијата на нивоата, за првпат спаѓа во ’добра‘ активна транспарентност. Од почетокот на мерењето на овој индекс (во 2016 година) до минатата година, просечната транспарентност на институциите се движеше од 44 % до 58 %, со што спаѓаше во ’просечна‘ активна транспарентност.

- Активната транспарентност во 2021 година, која изнесува 63 %, е подобрена за 5 процентни поени во однос на лани, кога изнесуваше 58 %.

- Министерствата и натаму објавуваат повеќе информации отколку општините. Активната транспарентност на министерствата изнесува 79 %, додека на општините 60 %, иако во 2016 година стартуваа од иста почетна основа, односно транспарентност од 45 %. Со тоа, јазот меѓу активната транспарентност на министерствата и Владата и онаа на општините останува сè уште многу висок.

**Движење на активната транспарентност по години**




- Годинава, повеќе од половина од институциите се наоѓаат во двете најдобри групи со ’добра‘ и ’многу добра‘ активна транспарентност. За сметка на тоа, се намалува бројот на институции во трите послаби групи, со ’просечна‘, ’слаба‘ и ’многу слаба‘ активна транспарентност.

***Процентуална застапеност на институциите во одделните нивоа на активна транспарентност***




**Активна транспарентност на општините: конечно една општина има 100 % активна транспарентност, подобрување има кај 51 општина, но општини ги заземаат и последните места**

- По едногодишна пауза, една општина, Карпош, повторно се наоѓа на врвот на листата на институции според активната транспарентност, со остварување од 100 %.

- Општина (Крива Паланка) се наоѓа и на третото место на вкупната ранг-листа. Во најдобрата група на институции со 'многу добра' активна транспарентност, односно со исполнување на обврските за објавување јавни информации од 80 % до 100 %, се наоѓаат дури 17 општини, од вкупно 26 вакви институции. Лани во оваа група имаше 14 општини.

- Со исклучок само на едно министерство, општини ги заземаат последните 43 места на ранг-листата, односно општини ги заземаат сите места во двете најслаби групи со 'слаба' активна транспарентност (исполнетост 20 – 40 %) и 'многу слаба' активна транспарентност (исполнетост 0 – 20 %).

- Својата транспарентност годинава ја подобриле 51 општина, за разлика од лани, кога подобрување имаше кај 70 општини. Лидери, коишто својата активна транспарентност ја подобриле за повеќе од 20 процентни поени, се Конче (за 59 поени), Петровец (за 57 поени), Градско (за 45 поени) и Центар Жупа за (42 поени).

**Активна транспарентност на министерствата и Владата: По ланската стагнација – повторно пораст, иако минимален**

- Општото ниво на активната транспарентност кај министерствата и Владата е зголемено за 2 процентни поени, од 77 % ланската година на 79 % годинава.

- Од 16 министерства и Владата, кај дури 12 има пораст на исполнетоста на обврските од активната транспарентност, кај 3 има намалување, додека 2 имаат исти резултати како лани.

- Најдобро рангирано е Министерството за одбрана, кое со 100 % е и најдобро рангирана институција од сите 98. Ова министерство е и првото што освоило максимален резултат од 100 % откако се прави рангирањето, односно од 2016 година наваму.

- Најголем годишен пораст има кај последно формираното Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, кое од ланските 0 % (поради немањето веб-страница) годинава има 28 %.

- Владата и Министерството за финансии ги заменија своите места од лани, и сега на второто место е Министерството за финансии, кое ја потисна Владата на третото место. Следат Министерството за образование и наука и Министерството за правда. Иако со најголем годишен пораст, сепак, на последното место е Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците.

- Девет министерства се во најдобрата група со 'многу добра' активна транспарентност (исполнетост од 80 % до 100 %), а седум во групата со 'добра' активна транспарентност (исполнетост меѓу 60% и 80%). Само едно министерство има во групата со 'слаба' активна транспарентност (исполнетост на обврските меѓу 0 % и 20 %).

***Рангирање на министерствата според активната транспарентност***

| Ранг | Вкупен ранг | Институција | Резултат 2021 | Резултат 2020 | Промена (% поени) |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | 1 | Министерство за одбрана | 100,0 % | 97,9 % | 2,1 |
| **2** | 4 | Министерство за финансии | 94,4 % | 85,2 % | 9,2 |
| **3** | 6 | Влада на РСМ | 93,5 % | 83,3 % | 10,2 |
| **4** | 10 | Министерство за образование и наука | 91,7 % | 70,8 % | 20,9 |
| **5** | 13 | Министерство за правда | 89,1 % | 72,9 % | 16,2 |
| **6** | 16 | Министерство за здравство | 87,5 % | 81,3 % | 6,2 |
| **7** | 17 | Министерство за внатрешни работи | 87,0 % | 85,4 % | 1,6 |
| **8** | 21 | Министерство за информатичко општество и администрација | 83,3 % | 83,3 % | 0 |
| **8** | 21 | Министерство за животна средина и просторно планирање | 83,3 % | 72,9 % | 10,4 |
| **10** | 27 | Министерство за труд и социјална политика | 79,2 % | 79,2 % | 0 |
| **11** | 32 | Министерство за локална самоуправа | 77,1 % | 72,9 % | 4,2 |
| **11** | 32 | Министерство за транспорт и врски | 77,1 % | 62,5 % | 14,6 |
| **13** | 37 | Министерство за култура | 72,9 % | 56,3 % | 16,6 |
| **14** | 43 | Министерство за економија | 70,8 % | 72,9 % | -2,1 |
| **15** | 46 | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | 69,6 % | 81,3 % | -11,7 |
| **16** | 55 | Министерство за надворешни работи | 64,6 % | 75,0 % | -10,4 |
| **17** | 88 | Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците | 28,3 % | 0,0 % | 28,3 |
| | | **ПРОСЕК** | **79,4 %** | **77,1 %** | |

## Најмалку информации се објавуваат за надлежностите и за финансиите

- И министерствата и општините објавуваат најмногу информации од областа на пристапот до информации од јавен карактер.

- Спротивно, најмалку информации се објавуваат – кај општините, за прашањата од нивна надлежност, додека кај министерствата, за буџетите и за финансиите.

- Во доменот на **пристапот до информации**, процентот на исполнетост на обврските за активно објавување на овие информации, коишто произлегуваат главно од Законот за слободен прис-

тап до информациите од јавен карактер, кај општините изнесува 73 % (лани 67 %), додека кај министерствата и Владата овој процент е значително повисок и изнесува 91 (лани 88 %).

- Во однос на **информациите за прашањата од надлежност и за услугите**, општините имаат просечна исполнетост на обврските за објавување информации од 42 % (лани 36 %), а министерствата од 86 % (лани 89 %).

- Кај активното објавување информации од областа **буџетска и фискална транспарентност**, општините исполнуваат 57 % (лани 36 %, а министерствата 60 % (лани 42 %) од обврските за активно објавување информации.

***Активна транспарентност по области***




**Регионална споредба: Источниот Регион трета година се задржа на првото место, а Скопскиот остана на последното**

- Сите осум региони во земјава оствариja подобрување на активната транспарентност во 2021 година, иако кај некои од регионите подобрувањето е само минимално.
- Трета година по ред на прво место е Источниот Регион, којшто ланските 68 % просечна активна транспарентност годинава ги зголеми на 74 %.
- Пелагонискиот Регион, од некогашен лидер меѓу регионите, лани падна на второто место, а годинава на третото место, подобрувајќи ја својата просечна активна транспарентност само за 1 процентен поен.
- На второ место според активната транспарентност годинава изби Југоисточниот Регион, којшто само за една година ја подобри својата транспарентност од 59 % на 74 %, односно за цели 15 процентни поени, што е најголем скок од сите региони.

- Нема промена кај последното место, на кое со години се наоѓа поширокиот Скопски Регион, каде што општините просечно објавуваат само 48,7 % од информациите што треба да ги објават.

Иако кај овој регион, за разлика од лани, има пораст на активната транспарентност за 5 процентни поени, сепак тоа е за малку недоволно да се надмине претпоследниот Полошки Регион, којшто годинава има 48,8 %, и од лани е подобар само за 1 процентен поен.

- Во средината, односно на четвртото, петтото и шестото место се наоѓаат истите региони како и лани и според истиот редослед, Вардарски со 61 %, Југозападен со 57 % и Североисточен со 53 % активна транспарентност.

***Рангирање на регионите според активната транспарентност***




**Источен Регион 74 % (лани 68 %)**

- Трета година по ред, Источниот Регион е на лидерската позиција меѓу регионите според активната транспарентност со просечно исполнување на обврските од 74 %, што е подобрување од лани за 6 процентни поени.

- Македонска Каменица го загуби лидерското место во регионот, кое го имаше претходните две години. Нов лидер е Кочани, со високи 93 % исполнетост на обврските од активната транспарентност. Следуваат Делчево, Берово и Штип, сите пред некогашната ѕвезда Македонска Каменица, која се наоѓа на петтото место.

- На последно место, како и лани, и годинава се наоѓа Карбинци, со 42 % исполнетост на обврските. Иако во споредба со лани Карбинци се подобрила за 13 процентни поени, сепак и тоа е недоволно за поместување од последното место во регионот.

***Активна транспарентност на општините од Источниот Регион***

| Ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|
| 1 | Берово | 89 % |
| 2 | Кочани | 93 % |
| 3 | Делчево | 90 % |
| 4 | Штип | 86 % |
| 5 | Македонска Каменица | 80 % |
| 6 | Виница | 74 % |
| 7 | Пехчево | 71 % |
| 8 | Зрновци | 71 % |
| 9 | Чешиново-Облешево | 64 % |
| 10 | Пробиштип | 57 % |
| 11 | Карбинци | 42 % |

**Југоисточен Регион 74 % (лани 59 %)**

- Југоисточниот Регион континуирано се подобрува од година во година и од четвртото, преку третото место лани, годинава ја зазема втората позиција според активната транспарентност, подобрувајќи се за 5 проценти поени.

- И годинава, втора година по ред, на лидерското место е Валандово, кое само во 2018 година беше на последното место во регионот, но во последните три години постојано ја подобрува својата активна транспарентност. За три години, процентот на исполнетост на обврските за објавување јавни информации на оваа општина порасна од 59 % на 94 %, а општината е на петтото место и во вкупното рангирање.

- Некогашниот лидер во регионот, Гевгелија, по ланскиот пад на четвртото место, сега повторно се искачи на втората позиција, преземајќи ѝ го ова место на Струмица, која од втората падна на петата позиција.

- Конче, од последната позиција лани, сега се искачи четвртото место, подобрувајќи ја својата активна транспарентност за фантастични 60 процентни поени, односно од 23 % лани на 83 % годинава. Лани на претпоследното место, а годинава последен во регионот е Дојран, кој, пак, ја подобри својата транспарентност за 19 процентни поени.

***Активна транспарентност на општините од Југоисточниот Регион***

| Ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|
| 1 | Валандово | 94 % |
| 2 | Гевгелија | 86 % |
| 3 | Василево | 84 % |
| 4 | Конче | 83 % |
| 5 | Струмица | 80 % |
| 6 | Богданци | 79 % |
| 7 | Ново Село | 67 % |
| 8 | Босилово | 62 % |
| 9 | Радовиш | 57 % |
| 10 | Дојран | 45 % |

**Пелагониски Регион 66 % (лани 65 %)**

- Некогаш лидер меѓу регионите, а во последните две години на второто место, Пелагонискиот Регион во 2021 година падна на третата позиција според активната транспарентност. Во однос на лани, регионот забележа минимално подобрување од само 1 процентен поен. Како и да е, регионот спаѓа во ʼдобраʻ активна транспарентност, со просечно исполнување на обврските над 60 %.
- Битола ја загуби долгогодишната лидерска позиција, и покрај подобрувањето на својата активна транспарентност од ланските 88 % на 91 %. Нов лидер годинава е Демир Хисар, со високи 93 %. Оваа општина беше на второто место, па го делеше првото место со Битола, за конечно да избие на самата водечка позиција.
- Крушево и годинава е на третата позиција, исто како и лани, додека Могила му го зеде четвртото место на Прилеп, кој годинава падна на петтата позиција. Без промена е на последните две места, каде што и годинава се наоѓаат Кривогаштани и Новаци.

***Активна транспарентност на општините од Пелагонискиот Регион***

| Ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|
| 1 | Демир Хисар | 93 % |
| 1 | Битола | 91 % |
| 3 | Крушево | 70 % |
| 4 | Могила | 67 % |
| 5 | Прилеп | 64 % |
| 5 | Ресен | 61 % |
| 7 | Долнени | 57 % |
| 8 | Кривогаштани | 45 % |
| 9 | Новаци | 43 % |

**Вардарски Регион 61 % (лани 55 %)**

- Вардарскиот Регион ја задржа својата четврта позиција меѓу регионите. Без промена е и лидерската позиција во овој регион, на која секогаш се наоѓа Општина Велес. Нема промени и на второто место, каде што се наоѓа Кавадарци, иако и двете општини во однос на лани загубиле по еден процентен поен.
- Градско се подобри значително во 2021 година и од претпоследното место скокна на високото трето место во регионот, подобрувајќи ја својата активна транспарентност за цели 45 %.
- На последното место во регионот останува Росоман, кој дури ја влошил својата активна транспарентност во однос на претходната година за 1 процентен поен.

***Активна транспарентност на општините од Вардарскиот Регион***

| Ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|
| 1 | Велес | 93 % |
| 2 | Кавадарци | 81 % |
| 3 | Градско | 78 % |
| 4 | Свети Николе | 72 % |
| 5 | Чашка | 69 % |
| 6 | Неготино | 53 % |
| 7 | Демир Капија | 38 % |
| 8 | Лозово | 36 % |
| 8 | Росоман | 32 % |

**Југозападен Регион 57 % (лани 51 %)**

- И годинава како и лани, Југозападниот Регион е на петтата позиција меѓу регионите според активната транспарентност. И годинава неприкосновен на првата позиција според активната транспарентност е Охрид, иако со минимално подобрување во однос на лани. Исто е и на втората позиција, каде се наоѓа Македонски Брод, иако и оваа општина за малку ја влошила својата активна транспарентност.

- Центар Жупа излезе од двете последни позиции што ги заземаше во минатите години и се искачи во средината, односно на петтото место, подобрувајќи ја својата активна транспарентност од 13% на 55 %.

- Сега на последното место е Пласница, која ланските 16 % активна транспарентност дополнително ги намали само на 10 % и го зазеде и последното место од сите 98 рангирани институции.

***Активна транспарентност на општините од Југозападниот Регион***

| Ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|
| 1 | Охрид | 82 % |
| 2 | Македонски Брод | 73 % |
| 3 | Дебрца | 72 % |
| 4 | Вевчани | 69 % |
| 5 | Центар Жупа | 55 % |
| 6 | Дебар | 54 % |
| 7 | Струга | 47 % |
| 8 | Кичево | 46 % |
| 9 | Пласница | 10 % |

**Североисточен Регион 53 % (лани 51 %)**

- И Североисточниот Регион ја задржа шестата позиција меѓу регионите на која дојде лани, со скок за едно место.

- Без промена е на првите четири места на ранг-листата на овој регион. Лидер и натаму е Крива Паланка, место кое го зазеде лани. Оваа општина, со високи 96 % активна транспарентност, е и втора најдобра општина во земјава.

- Цврсто на втората позиција е и Општина Куманово која од лани до сега ја подобри својата активна транспарентност за нови 6 проценти поени.

- Следни се Кратово и Ранковце, додека на претпоследната и последната позиција настана рокада, така што сега претпоследна е и Старо Нагоричане, а последна е Липково.

***Активна транспарентност на општините од Североисточниот Регион***

| Ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|
| 1 | Крива Паланка | 96 % |
| 2 | Куманово | 89 % |
| 3 | Кратово | 63 % |
| 4 | Ранковце | 46 % |
| 5 | Старо Нагоричане | 14 % |
| 6 | Липково | 12 % |

**Полошки Регион 49 % (лани 48 %)**

- По ланскиот пад на седмото и претпоследно место од сите региони, Полошкиот Регион остана на оваа неславна позиција.

- Тетово му ја презеде неколкугодишната лидерска позиција на Гостивар, подобрувајќи ја својата активна транспарентност за 9 процентни поени.
  На втората позиција се искачи Желино, подобрувајќи ја својата активна транспарентност за дури 22 поени.

- Теарце и Врапчиште останаа на последните две места, и двете сѐ уште во групата на општини со 'слаба' активна транспарентност. Врапчиште ја заседе и претпоследната позиција на вкупното рангирање на сите 98 институции.

***Активна транспарентност на општините од Полошкиот Регион***

| Ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|
| 1 | Тетово | 67 % |
| 2 | Желино | 65 % |
| 3 | Гостивар | 64 % |
| 4 | Брвеница | 59 % |
| 5 | Јегуновце | 52 % |
| 6 | Маврово и Ростуше | 49 % |
| 7 | Боговиње | 47 % |
| 8 | Теарце | 26 % |
| 9 | Врапчиште | 10 % |

**Скопски Регион 49 % (лани 44 %)**

- Трета година по ред, најголемиот регион во земјава, Скопскиот, е на последното место меѓу регионите според активната транспарентност на општините во него. Карпош го задржа првото место во регионот и годинава изби и на првото место од сите 98 рангирани институции, освојувајќи максимални 100 %.

- Без промени е и второто место на ранг-листата, каде што се задржа Гази Баба. Центар и Град Скопје ги сменија позициите и сега Град Скопје скокна за едно место, на третото, а Центар падна за едно место, на четвртата позиција.

- Ѓорче Петров скокна на петтото место, додека Аеродром остана на истата позиција од лани, односно на шестото место.

- Вистински победник годинава е Општина Петровец, која од претпоследната позиција лани и само 12 % активна транспарентност, годинава се искачи за десет места и ја заседе седмата позиција со дури 69 %.

- На дното на табелата останаа истите општини, со тоа што последна е Чучер-Сандево, а пред неа се Арачиново и Зелениково, со по само 13 %, односно 14 % од можни 100 %.

***Активна транспарентност на општините од Скопскиот Регион***

| Ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|
| 1 | Карпош | 100 % |
| 2 | Гази Баба | 80 % |
| 3 | Град Скопје | 74 % |
| 4 | Центар | 72 % |
| 5 | Ѓорче Петров | 70 % |
| 6 | Аеродром | 70 % |
| 7 | Петровец | 69 % |
| 8 | Кисела Вода | 59 % |
| 9 | Илинден | 46 % |
| 10 | Шуто Оризари | 46 % |
| 11 | Сопиште | 36 % |
| 11 | Бутел | 32 % |
| 13 | Чаир | 32 % |
| 14 | Сарај | 28 % |
| 15 | Студеничани | 21 % |
| 16 | Зелениково | 14 % |
| 17 | Арачиново | 13 % |
| 18 | Чучер Сандево | 13 % |

**Институциите просечно одговорија за 16 дена, но само 61 % ги доставија барањата во законскиот рок**

- Институциите просечно одговорија на барањата за слободен пристап што им беа доставени на сите во ист ден и со иста содржина за 16 дена, односно 4 дена пред истекот на законскиот рок.

- Сепак, само 61 % од институциите одговорија на барањето во законскиот рок од 20 дена, додека останатите 39 % го доставија одговорот по истекот на овој рок. Лани, пак, само 39 % од институциите одговорија во законскиот рок, така што во оваа смисла има одредено подобрување.

***Одговори на барањата за слободен пристап во законскиот рок (сите институции)***



- Општините се подобри од министерствата како според просечниот број денови за кои одговориле на барањата, така и според процентот на барања што ги одговориле во рамките на максималниот законски рок за одговор. Општините просечно одговорија на барањата за 16 дена, додека министерствата за 17 дена. Процентот на барањата одговорени во законскиот рок кај општините изнесува 62 %, а кај министерствата 59 %.

- На барањата не одговорија 4 % од институциите, исто како и минатата година.

- Најбрз одговор пристигна од една општина, само за еден ден, додека најдоцна одговори друга општина, за 48 дена.

***Просечен број денови во кои одговориле на барањата за пристап***




**Победници и губитници**

- Дури 62 од вкупно опфатените 98 институции ја подобриле својата активна транспарентност во 2021 година во однос на 2020 година.

- Најголемо поединечно подобрување има кај Конче (59 %), Петровец (57 %), Градско (45 %) и Центар Жупа (42 %).

- Од друга страна, 33 институции објавиле помалку информации од лани, додека кај 3 институции нема ни подобрување, ни влошување на активната транспарентност.

- Кај министерствата, најголемо подобрување има кај Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците поради тоа што лани ова министерство немаше ниту своја веб-страница, како и кај Министерството за образование и наука (21 %).

***Годишна промена во активната транспарентност (2021/2020 година)***

| Институција | Промена во процентни поени | | Институција | Промена во процентни поени |
|---|---|---|---|---|
| Конче | 59,4 % | | Град Скопје | 2,9 % |
| Петровец | 57,4 % | | Теарце | 2,9 % |
| Градско | 45,0 % | | Сарај | 2,8 % |
| Центар Жупа | 42,4 % | | Бутел | 2,5 % |
| МПСОЗ | 28,3 % | | Чаир | 2,5 % |
| Желино | 21,7 % | | Министерство за одбрана | 2,1 % |
| Чашка | 21,1 % | | Охрид | 1,6 % |
| МОН | 20,9 % | | МВР | 1,6 % |
| Ново Село | 20,7 % | | Неготино | 0,7 % |
| Штип | 19,9 % | | Радовиш | 0,6 % |
| Дојран | 18,8 % | | Ресен | 0,5 % |
| Министерство за култура | 16,6 % | | Вевчани | 0,5 % |
| Виница | 16,3 % | | Кавадарци | 0,3 % |
| Министерство за правда | 16,2 % | | Центар | 0,0 % |
| Кочани | 14,8 % | | МИОА | 0,0 % |
| МТВ | 14,6 % | | МТСП | 0,0 % |
| Свети Николе | 14,5 % | | Кичево | -0,7 % |
| Могила | 13,1 % | | Јегуновце | -0,7 % |
| Карбинци | 13,0 % | | Гостивар | -0,9 % |
| Богданци | 12,4 % | | Кратово | -0,9 % |
| Босилово | 11,6 % | | Крушево | -1,0 % |
| Ѓорче Петров | 10,4 % | | Велес | -1,3 % |
| МЖСПП | 10,4 % | | Македонски Брод | -1,4 % |
| Берово | 10,3 % | | Росоман | -1,4 % |
| Влада на РСМ | 10,2 % | | МЕ | -2,1 % |
| Зелениково | 10,2 % | | Прилеп | -2,4 % |
| Сопиште | 10,1 % | | Липково | -2,9 % |
| Аеродром | 9,3 % | | Пробиштип | -3,8 % |
| Министерство за финансии | 9,2 % | | Дебар | -3,8 % |
| Тетово | 9,1 % | | Струмица | -4,1 % |
| Гевгелија | 8,9 % | | Новаци | -4,3 % |
| Валандово | 8,8 % | | Чучер Сандево | -4,4 % |
| Дебрца | 8,7 % | | Долнени | -4,4 % |
| Карпош | 8,6 % | | Гази Баба | -4,4 % |
| Струга | 7,8 % | | Кисела Вода | -5,1 % |
| Делчево | 7,4 % | | Пласница | -5,8 % |
| Министерство за здравство | 6,2 % | | Кривогаштани | -5,8 % |
| Куманово | 6,0 % | | Демир Капија | -5,8 % |
| Крива Паланка | 5,8 % | | Македонска Каменица | -6,2 % |
| Василево | 5,8 % | | Боговиње | -6,5 % |
| Шуто Оризари | 5,0 % | | Маврово и Ростуше | -8,4 % |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Пехчево | 4,7 % | | Студеничани | -8,5 % |
| Демир Хисар | 4,6 % | | Арачиново | -9,9 % |
| Старо Нагоричане | 4,4 % | | Врапчиште | -10,2 % |
| Ранковце | 4,4 % | | МНР | -10,4 % |
| МЛС | 4,2 % | | Илинден | -11,6 % |
| Брвеница | 3,5 % | | МЗШВ | -11,7 % |
| Чешиново-Облешево | 3,2 % | | Зрновци | -13,5 % |
| Битола | 3,0 % | | Лозово | -14,5 % |

# Прилози: Прашалници за истражување

**1. Прашалник за истражување на активната транспарентност на министерствата и на Владата за изработка на Индексот на активна транспарентност**

**Прва група прашања: Пристап до информации**
1. Дали има на интернет страницата посебен оддел за пристап до информации?
2. Дали се објавени основни податоци за контакт со службеното лице за посредување со информации (име и презиме, телефон и е-маил адреса)?
3. Дали е објавен начинот на поднесување на барање за пристап до информации?
4. Дали е објавена листа на информации со кои располага институцијата?
5. Дали се објавени основни податоци за контакт со имателот на информацијата (адреса, телефон и е-адреса)?

**Втора група прашања: Одговорност, отчетност и интегритет**
6. Дали се објавени податоци за министерот (биографија, контакт и сл.)?
7. Дали е објавен список на вработени лица/раководители со контакти?
8. Дали е објавена организациската структура (шема, органограм) на институцијата?
9. Дали се објавени податоците за контакт со лицето овластено за заштитено внатрешно пријавување (име и презиме, телефон, е-адреса)?
10. Дали се објавени соопштенија до јавноста и/или информативни билтени или друг облик на информирање?

**Трета група прашања: Информации за надлежноста и за услугите**
11. Дали се објавени информации за надлежностите на институцијата?
12. Дали се објавени законите кои се однесуваат на надлежноста на институцијата?
13. Дали се објавени прописите што ги донесува институцијата во вид на подзаконски акти?
14. Дали е објавен стратешкиот план и/или стратегијата за работа?
15. Дали е објавен годишен план и/или програма за работа за тековната година?

**Четврта група прашања: Буџетска и финансиска транспарентност**
16. Дали е објавен буџетот на институцијата за тековната година?
17. Дали е објавена завршна сметка на буџетот за претходната година?
18. Дали се објавуваат ревизорските извештаи?
19. Дали е објавен годишниот план за јавни набавки за тековната година?
20. Дали се објавуваат огласи за јавни набавки за тековната година?
21. Дали се објавуваат известувања за склучен договор од јавни набавки?

**Дополнителни прашања за Министерството за финансии (од четврта група прашања: Буџетска и финансиска транспарентност)**
22. Дали се објавуваат месечни извештаи за извршување на буџетот за тековната година?
23. Дали се објавува извештај за извршување на буџетот за првите шест месеци од годината во претходната година?
24. Дали се објавуваат податоци за јавниот долг на РСМ во претходната или тековната година?
Рок во којшто институцијата одговорила на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**2. Прашалник за истражување на активната транспарентност на општините и на Град Скопје за изработка на Индексот на активна транспарентност**

**Прва група прашања: Пристап до информации**

1. Дали има на интернет страницата посебен оддел за пристап до информации?
2. Дали се објавени основни податоци за контакт со службеното лице за посредување со информации (име и презиме, телефон и е-адреса)?
3. Дали е објавен начинот на поднесување на барање за пристап до информации?
4. Дали е објавена листа на информации со кои располага институцијата?
5. Дали се објавени основни податоци за контакт со имателот на информацијата (адреса, телефон и е-адреса)?

**Втора група прашања: Одговорност, отчетност и интегритет**

6. Дали се објавени податоци за градоначалникот (биографија, контакт и сл.)?
7. Дали е објавен список на вработени лица/раководители со контакти?
8. Дали е објавена организациската структура (шема, органограм) на институцијата?
9. Дали се објавени податоците за контакт со лицето овластено за заштитено внатрешно пријавување (име и презиме, телефон, е-адреса)?
10. Дали се објавени соопштенија до јавноста и/или информативни билтени или друг облик на информирање?
11. Дали се објавува статутот на општината?
12. Дали се објавуваат службените гласила на општината?
13. Дали се објавуваат дневните редови за седниците на Советот на општината?

**Трета група прашања: Буџетска и финансиска транспарентност**

14. Дали е објавен буџетот на институцијата за тековната година?
15. Дали е објавена завршна сметка на буџетот за претходната година?
16. Дали се објавува граѓански буџет?
17. Дали се објавуваат квартални извештаи за извршување на буџетот за претходната година?
18. Дали се објавуваат ревизорските извештаи?
19. Дали е објавен годишниот план за јавни набавки за тековната година?
20. Дали се објавуваат огласи за јавни набавки за тековната година?
21. Дали се објавуваат известувања за склучен договор од јавни набавки?

**Четврта група прашања: Информации за надлежноста и за услугите**

22. Дали се објавени информации за надлежностите на институцијата?
23. Дали се објавени законите кои се однесуваат на надлежноста на институцијата?
24. Дали се објавени прописите што ги донесува имателот на информации во вид на подзаконски акти?
25. Дали се објавени услугите што ги дава институцијата?
26. Дали се објавуваат ДУП/ГУП (информации за урбанистичкото планирање)?
27. Дали се објавуваат информации за урбанистичкото планирање (одобренија за градба)?
28. Дали се објавуваат информации за заштита на животна средина?
29. Дали се објавуваат информации за локален економски развој?
30. Дали се објавуваат информации за комуналните дејности?
31. Дали се објавуваат информации за културата?
32. Дали се објавуваат информации за спортот и рекреацијата?

33. Дали се објавуваат информации за социјална заштита и заштита на деца?
34. Дали се објавуваат информации за образованието?
35. Дали се објавуваат информации за здравствената заштита?
36. Дали се објавуваат информации за мерките за заштита и спасување на граѓаните?
37. Дали се објавуваат информации за противпожарната заштита?
38. Дали се објавуваат информации за надзорот над вршењето на работите од надлежност на институција?
30. Дали е објавена информација за стапката на данокот на имот што ја пропишува општината?
40. Дали е објавена информација за надоместокот за уредување на градежно земјиште?

Рок во којшто институцијата одговорила на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер.